**20191111492**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 4 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18) министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОСТАВОТ, КВАЛИТЕТОТ И КРОЈОТ НА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за составот, квалитетот и кројот на униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/16 и 237/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/19), во член 13 точка 6 потточка 6.1.1 Табелата бр. 167 се заменува со нова Табела бр. 167, која гласи:

„Табела бр. 167

| **Својство** | **Метода на испитување** | **Барање** | **Дозволено отстапување** |
|---|---|---|---|
| Боја | Визуелно | Црна | / |
| Квантитативна хемиска анализа (суровински состав):<br>- памук<br>- еластан (ликра) | МКС EN ISO 1833 | 94%<br>6% | ±3 % |
| Преплетка | Декомпозиција | Рендер | / |
| Конструкција (густина на плетење):<br>- низови<br>- редови | МКС EN 14971 | 12 котелци/cm<br>21 котелци/cm | ±10 %<br>±10 % |
| Површинска маса: | МКС EN 12127 | 290 g/m$^2$ | ±10 % |
| Отпорност на абење:<br>10000 циклуси | МКС EN ISO 12947-2 | Без создавање на дупка | / |
| Отпорност на пилинг | ISO 12945-2 | Оцена: 4 | Минимум |
| Маслоодбојност: | МКС EN ISO 14419 | Оцена: 5 | / |
| Промена на димензии при перење на 60 °C:<br>- основа<br>-јаток | МКС EN ISO 5077 | ± 2,0%<br>± 2,0% | Максимум |
| Постојаност на боја<br>-пот-алкален/кисел,<br>-триење-мокро/суво,<br>-перење на 60 °C,<br>-хемиско читење,<br>-светло | МКС EN ISO 105-E04<br>МКС EN ISO 105-X12<br>МКС EN ISO 105-C03<br>МКС EN ISO 105-D01<br>МКС EN ISO 105-B02 | 4/4/4<br>4/3-4<br>4/4/4<br>4/4<br>5 | Минимум |

Член 2

Во член 14 ставот 2 се менува и гласи:

„Составот, квалитетот и кројот на зимската јакна, кошулата „рипс“, кошулата „аутлас“, панталоните „рипс“, панталоните „трослојни, блузата со долги ракави, маицата со јака, маицата со отвор во форма на буквата „О“, маицата со долги ракави, тактичката маица со кратки ракави, дводелениот комплет за дожд, шеширот и капата „безбол“, кои се во маскирна (мандра) шара во комбинација на црна, сива, светло сива и темно сива боја се уредени во член 13 точките 2, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 од овој правилник.“

По ставот 2 се додаваат три нови става 3, 4 и 5, кои гласат:

„Составот, квалитетот и кројот на комбинезонот, подјакната, џемперот и беретката кои се во сива боја се уредени во член 13 точките 1, 2, 4 и 17 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на високите зимски чизми и тактичките летни чизми се уредени во член 13 точките 19 и 20 од овој правилник.

Кратката јакна и навлаката за шлем го имаат следниот состав, квалитет и крој:“

Член 3

Членот 16 се менува и гласи:

„Член 16

Составните делови на униформата за извршување на задачи во рурална средина, комбинезон, зимска јакна со подјакна, кратка јакна, џемпер, кошула „рипс“, кошула „аутлас“, панталони „рипс“, панталони „трослојни“, блуза со долги ракави, маица со отвор во форма на буквата „О“, маица со долги ракави, тактичка маица со кратки ракави, дождовна наметка, дводелен комплет за дожд, шешир, беретка, навлака за шлем, високи зимски чизми и тактички летни чизми го имаат следниот состав, квалитет и крој.

Составот, квалитетот и кројот на зимската јакна, кошулата „рипс“, кошулата „аутлас“, панталоните „рипс“, панталоните „трослојни“, блузата со долги ракави, маицата со отвор во форма на буквата „О“, маицата со долги ракави, тактичката маица со кратки ракави, дводелниот комплет за дожд и шеширот се уредени во член 13 точките 2, 5, 6, 7, 8, 9, 11, 12, 13, 14 и 15 од овој правилник, дождовната наметка е уредена во член 15 точка 1 од овој правилник, освен бојата која е во маскирна (мултикам) шара во комбинација на зелена, светло кафеава, темно кафеава, драп, светло драп, зелено драп и маслинесто драп боја.

Составот, квалитетот и кројот на комбинезонот, подјакната и џемперот кои се во драп боја се уредени во член 13 точките 1, 2 и 4 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на беретката, високите зимски чизми и тактичките летни чизми се уредени во член 13 точките 17, 19 и 20 од овој правилник, а кратката јакна е уредена во член 14 точка 1 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на навлаките за шлем кои се во маскирна (мултикам) шара во комбинација на зелена, светло кафеава, темно кафеава, драп, светло драп, зелено драп и маслинесто драп боја, се уредени во член 13 точка 18 и член 14 точка 2 од овој правилник.“

Член 4

Во член 20 точка 7 потточка 7.3 Табелата бр. 248 се заменува со нова Табела бр. 248, која гласи:

„Табела бр. 248

| Мерките се изразени во сантиметри и важат за готов производ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ОПИС НА МЕРКАТА | ГОЛЕМИНСКИ БРОЕВИ | | | | |
| | M | L | XL | 2XL | тлр. |
| Должина (во најдолгиот дел) | 27 | 28 | 29 | 30 | ± 1 |
| Ширина (во најширокиот дел на дланката) | 11.5 | 12 | 12.5 | 13 | ± 1 |

Во точка 8 потточка 8.1 Табелата бр. 249 се заменува со нова Табела бр. 249, која гласи:

„Табела бр. 249

| Ред. Број | ПАРАМЕТРИ | ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ на материјал | Дозволено одстапување |
|---|---|---|---|
| 1 | Боја | - - Црна | / |
| 2 | Сировински состав | - - 45% Полиуретан<br>- - 45% Неопрен<br>- - 5% ПВЦ поливинил хлорид<br>- - 3% ТПР термопласична гума<br>- - 2% Ликра | +/-1% |
| 3 | Тежина (М големина) | - -82 грама | +/-0,5% |

Потточката 8.2 се менува и гласи:

„8.2 Крој на ракавици тактички

Ракавиците тактички го има следниот крој: истите се изработени од синтетички материјал во црна боја, појачани на дланката и прстите која ке дава еластичност при работа со оружје. Истите се со еднослојна основа составена од повеќе парчиња кои се дизајнирани за работа со оружје, односно имаат голема осетливост и контрола на повлекувачот на оружјето. Надворешно се зајакнати за поголема издржливост, а внатрешно имаат мека подлога за подобро налегнување на раката. Имаат тесно и ниско закопчување кај зглобот со велкро лента, а од долната страна кај зглобот има полукружна вшиена гуртна за полесно облекување. Зајакнати се кај зглобовите со флексибилност и вентилираност на секој прст.“

Член 5

Прилозите бр. 150, 219 и 220 се заменуваат со нови Прилози бр.150, 219 и 220, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-43551/1
30 мај 2019 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.